# Истражување за навиките на интернет кај децата

Во рамките на проектот „Приватност на интернет на лесен начин“ на Фондацијата Метаморфозис, во јуни 2011 година, беа посетени 8 градови во Република Македонија, вклучително Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Велес, Дебар, Неготино и Штип. Целта на посетите беше проекција на кратки едукативни филмови и презентација на онлајн игри изработени како дел од проектот.

За време на овие посети беше спроведено истражување за навиките на интернет кај децата на теми поврзани со приватноста и безбедноста на интернет, користењето мобилни телефони, играњето онлајн игри, четувањето, сајбернасилството, како и општите интернет навики. Во истражувањето учествуваа 517 ученици на возраст од 9 до 14 години, од локалните основни училишта во посетените градови.

## Возрасна структура на испитаниците




Учесниците во истражувањето беа од следните училишта од наведените градови:

Скопје: О.У. „Ацо Шопов“

- Дебар: О.У. „Братство Единство“
- Битола: О.У. „Гоце Делчев“
- Тетово: О.У. „Наим Фрашери“
- Неготино: О.У. „Страшо Пинџур“; О.У. „ Гоце Делчев“
- Штип: О.У. „Ванчо Прке“; О.У. „Тошо Арсов“; О.У. „ Гоце Делчев“; О.У. „Димитар Влахов“
- Гостивар: О.У. „Братство Единство“
- Велес: О.У. „Кирил и Методиј“

Прашалникот беше составен од 9 прашања со затворени „да“ и „не“ одговори, 10 прашања поставени на Ликертова скала, на која децата изразуваа во колкав степен се согласуваат со дадената изјава, едно отворено прашање и неколку прашања од статистичка важност. Податоците добиени од истражувањето, се изразени процентуално во анализата која следува.

*Забелешка: Прашалникот се пополнуваше на почетокот на секој настан, што значи дека испитувано е нивото на свест и општите познавања на децата, без влијание од пораките од филмовите и игрите. Исто така, секое дете прашалникот го пополнуваше лично, но за време на пополнувањето, прашањата беа објаснувани за целата група со цел да се избегне нивно погрешно толкување.*

Истражувањето покажа дека 93% од децата имаат пристап до интернет од дома, при што на 65% компјутерот на којшто сурфаат им е сместен во нивната детска соба, а само на 10,6% во дневната. Ова упатува на заклучокот дека малкумина родители се свесни за потребата од поставување на компјутерот на прометно место во домот заради повремено следење на активностите на нивните деца на интернет.

Најголем дел, или 91% од децата, имаат свој мобилен телефон, преку којшто 50% користат интернет.

32,5% од испитаниците се изјасниле дека ги фотографираат другарите без претходно да ги прашаат.

На прашањата околу приватноста и безбедноста на интернет, конкретно на прашањето дали редовно ги менуваат лозинките за имејл-адресата и онлајн-профилите, 53,2% одговориле со „да“, но 46% од испитаниците одговориле негативно, при што 83% изјавиле дека нивната лозинка не ја споделуваат со нивните пријатели. Оваа процентуална состојба, и покрај големиот број негативни одговори, не е негативна, најмногу поради фактот дека повеќето деца сепак ги чуваат своите лозинки само за себе.

**Редовно ги менувам лозинките за имејл-адресата и онлајн-профилите.**




Уште една позитивна навика кај децата е начинот на кој ги креираат лозинките, при што дури 77% рекле дека притоа не ги вклучуваат бројките од датумот на раѓање.

59% од децата не користат аватари и псевдоними кога прават онлајн профили, што значи дека има поголема тенденција на откривање лични податоци кои се поврзуваат со вистинскиот идентитет на децата. 60% станувале членови на група на Фејсбук без да проверат кој е нејзиниот креатор.

63% од испитаните не прифаќаат непознати лица за пријатели на нивниот профил, но 53% делумно или целосно се согласуваат дека им е полесно да им кажат на другите што мислат за нив онлајн. Ова е во врска со шансите за вршење сајбернасилство, но не е директен показател за тоа.

### Полесно ми е да им кажам на другите што мислам за нив онлајн.




10% од децата разговараат онлајн со луѓе кои не ги познаваат во вистинскиот живот. Кога се работи за вклучување на веб-камерата при разговарање со луѓе кои не ги познаваат, свесноста кај децата е поголема, па така 77% се изјасниле дека во такви ситуации не ја вклучуваат.

При изработка на училишни задачи, 63% од децата делумно или целосно се согласуваат со изјавата дека копираат текст и слики од интернет.

### Копирам текст и слики од интернет при изработка на моите училишни задачи.




Оваа бројка упатува на погрешно користење на интернетот како алатка за препишување, наместо за истражување.

36% потполно или делумно се согласуваат дека кога играат игри не ги интересира ништо друго освен играта, а 25% од децата секој ден седат на чет до доцна навечер и дополнителни 19% делумно се согласиле дека имаат ваква практика.

Скоро 14% од децата рекле дека доколку сакаат да купат нешто од интернет, го прават тоа веднаш и без двоумење, но сепак повеќето деца (76,6%) делумно или воопшто не се согласиле со ваквата изјава. Ова е уште еден позитивен показател во нивните навики, кој сугерира дека децата ретко се осмелуваат сами да изведуваат финансиски трансакции на интернет на оваа возраст.

Мислењето околу препраќањето слики од туѓ мобилен телефон е поделено, при што повеќе деца (60%) делумно или целосно се согласуваат дека ова не е во ред.

Исто така, поделено е и мислењето за можноста да се биде откриен доколку се изврши кражба преку интернет под туѓ идентитет, но значително е поголем процентот на децата кои веруваат дека тоа е можно (65% наспроти 18% кои се убедени дека тоа не е можно).

Од испитаните деца, 40% се на возраст од 13 години, 39% имаат 14 години, 7% имаат 15 години, 4% имаат 12 години.

На прашањето за националноста 58% се изјасниле како Македонци, 29% како Албанци, 1% Турци, 2,3% Роми, 1% Власи, а учествувал и по 1 испитаник Србин, Црногорец, Босанец и Американец.

14% од испитаните деца се од Скопје, 28% од Дебар, 19% Неготино, 15% Штип, 9% Тетово, 7,5% од Битола, 6 % Гостивар, и 2% од Велес.

Во истражувањето учествувале 225 машки и 283 женски, додека 9 деца не одговориле.

## Градови во кои живеат испитаниците




## Полова структура на испитаниците




Истражувањето го спроведе и анализата ја изведе Фондацијата Метаморфозис на нерепрезентативен примерок за територијата на Република Македонија.